# ЗАКОН
# ЗА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА

## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Законот

#### Член 1

Со овој закон се уредуваат граничната контрола, надлежностите на полицијата во внатрешноста, соработката меѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување и меѓународната полициска соработка.

### Цел на граничната контрола

#### Член 2

Граничната контрола која ги опфаќа работите што се однесуваат на гранични проверки и на граничен надзор, како и анализа на опасностите по националната безбедност и анализа на заканите кои можат да влијаат на безбедноста на границата, се врши со цел за:

- спречување и откривање на кривични дела и прекршоци и откривање и фаќање на нивните сторители,
- спречување и откривање на илегалната миграција и трговија со луѓе,
- заштита на животот, здравјето на луѓето, личната сигурност, имотот, животната средина и природата и
- спречување и откривање на други опасности по јавниот ред, правниот поредок, националната безбедност и меѓународните односи.

### Значење на одделни изрази

#### Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Гранична линија" е низа точки на земјината површина одредени со координати, по која се протега државната граница која ја разграничува територијата на Република Северна Македонија од териториите на соседните држави;
2. "Државна граница" е копнена граница на Република Северна Македонија, вклучувајќи ја и границата на реките и езерата, како и аеродромите и езерските пристаништа кои се определени како места преку кои се одвива меѓудржавен и меѓународен сообраќај;
3. "Гранична контрола" е активност спроведена на државната граница при преминување или при намера за преминување на државната граница согласно со целите на овој закон, што се состои од гранични проверки и граничен надзор;

---

[1] [1] Редакциски пречистениот текст на Законот за гранична контрола ги опфаќа: Основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ"бр.171/10, Законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, објавен во "Службен весник на РМ"бр.41/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, објавен во "Службен весник на РМ"бр.148/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, објавен во "Службен весник на РМ"бр.55/16, Законот за изменување на Законот за гранична контрола, објавен во "Службен весник на РМ"бр.64/18 и Законот за изменување на Законот за гранична контрола, објавен во "Службен весник на РСМ"бр.171/22, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

4. "Гранични проверки" се проверки што се спроведуваат на граничните премини со цел да се провери дали да им се одобри на лицата и нивните превозни средства и предметите што ги поседуваат да влезат на територијата на Република Северна Македонија или да им се одобри да излезат од неа;

5. "Граничен надзор" е надзор на државната граница меѓу граничните премини и надзор на граничните премини надвор од утврденото работно време, со цел да се спречи заобиколување, односно избегнување на граничните проверки;

6. "Гранични премини" се места определени од надлежен орган на државната власт за преминување на државната граница, во патниот, железничкиот, воздушниот и езерскиот сообраќај;

7. "Подрачје на граничен премин" е простор што е потребен за вршење на граничните проверки и на другите гранични формалности, како и непосредната околина со објектите што се потребни за непречено и сигурно одвивање на сообраќајот, граничните проверки и на другите гранични формалности;

8. "Гранично управување" се активности и мерки што ги преземаат државните органи кои имаат надлежности во граничното управување во согласниот со закон;

9. "Лица кои го уживаат правото на Заедницата за слободно движење" се:

- граѓани на Европската унија согласно со членот 17 став 1 од Договорот за формирање на Европската заедница и државјани на трети земји кои се членови на семејството на граѓани на Унијата кои го уживаат неговото или нејзиното право на слободно движење и за кои се применува Директивата 2004/38/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот на Европската унија од 29 април 2004 година за правото на граѓаните на Европската унија и членовите на нивните семејства слободно да се движат и да престојуваат на територијата на земјите членки и

- државјани на трети земји и членови на нивните семејства со кое било државјанство, кои според договорите меѓу Заедницата и нејзините земји членки од една страна и третите земји од друга страна, ги уживаат истите права за слободно движење, како и граѓаните на Европската унија;

10. "Државјани на трети земји" се сите лица кои не се државјани на Република Северна Македонија и граѓани на Европската унија согласно со членот 17 став 1 од Договорот за формирање на Европската заедница и за кои не може да се примени точката 9 од овој член;

11. "Закана по јавното здравје" е секоја болест со потенцијал да прерасне во епидемија како што е дефинирано во Меѓународните здравствени прописи на Светската здравствена организација и други инфективни болести или болести предизвикани од паразити, доколку се предмет на заштитните одредби што се применуваат над граѓаните на Република Северна Македонија;

12. "Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор" е Конвенцијата од 19 јуни 1990 година за спроведување на Шенгенскиот договор од 14 јуни 1985 година меѓу владите на државите на Бенелукс-економска унија, Сојузна Република Германија и Република Франција, за постепеното укинување на контролата на заедничките граници. Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија ќе започне да се применува од денот на приемот на Република Северна Македонија во Европската унија, а во целост ќе се применува согласно со Одлуката на Европскиот парламент и Советот на Европската унија за укинување на граничната контрола на внатрешните граници;

13. "Држава потписничка" е секоја држава за која се однесуваат одредбите на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор;

14. "Надворешни граници на Република Северна Македонија од започнувањето на примената на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија" се копнените граници на Република Северна Македонија со држава која не е потписничка на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор, вклучувајќи ги и границите на реките и езерата и нивните аеродроми, речните и езерските пристаништа, доколку тие не се внатрешни граници;

15. "Внатрешни граници по започнувањето на примената на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија" се:

а) заеднички копнени граници, вклучувајќи ги и границите на реките и езерата на Република Северна Македонија со држави потписнички;

б) аеродромите за внатрешни летови во рамките на територијата на Република Северна Македонија и држави потписнички и

в) речните или езерските пристаништа за редовни бродски врски меѓу Република Северна Македонија и државите потписнички;

16. "Внатрешен лет од започнувањето на примената на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија" претставува секој лет во рамките на територијата на Република Северна Македонија и секој лет од и кон територијата на држава потписничка, што не слетува на територијата на трета земја;

17. "Внатрешна пловидба од започнувањето на примената на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија" е непосредна редовна патничка пловидба меѓу Република Северна Македонија и државите на кои се однесуваат одредбите на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор;

18. "Оператор" се јавни претпријатија и други правни лица кои стопанисуваат или во чија сопственост се меѓународни воздухопловни пристаништа, меѓународни езерски пристаништа и меѓународни патни и железнички коридори кои водат до гранични премини;

19. "Проверка на втора линија " значи натамошна проверка која може да се спроведе на посебно место надвор од местото каде што се проверуваат сите патници (прва линија на проверки);

20. "Авиопревозник" е секое физичко или правно лице чија работа е обезбедувањето превоз на патници во воздушниот сообраќај;

21. "Рекреативна пловидба" значи користење на рекреативни пловни објекти за спортски или туристички цели и

22. "Крајбрежен риболов" значи риболов со пловен објект кој се враќа секој ден или во рок од 36 часа во пристаниште лоцирано на територијата на Република Северна Македонија без запирање во пристаниште на соседна држава.

## Обем на примена на Законот

### Член 4

Овој закон се применува на сите лица кои ја преминуваат државната граница на Република Северна Македонија, без притоа да ги загрозат правата на бегалците и лицата кои бараат меѓународна заштита, особено во однос на невраќањето.

## II. НАДЛЕЖНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА ВО ВРШЕЊЕТО НА ГРАНИЧНАТА КОНТРОЛА

### Орган кој ја врши граничната контрола

**Член 5**

Граничната контрола е во надлежност на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството).

Работите што се однесуваат на граничната контрола ги врши полицијата на Министерството.

### Персонал, опрема и средства за гранична контрола

**Член 6**

Заради обезбедување на ефикасна, унифицирана и на високо ниво извршена гранична контрола треба да се распоредат доволен број полициски службеници и да се обезбеди доволно опрема и средства.

### Овластувања

**Член 7**

При вршењето на граничната контрола полициските службеници работат согласно со овластувањата утврдени со овој и друг закон.

Овластувањата од ставот 1 на овој член полициските службеници можат да ги применат на целата територија на Република Северна Македонија.

### Почитување на човековото достоинство

**Член 8**

При извршувањето на граничната контрола полициските службеници се должни целосно да го почитуваат човековото достоинство.

Сите овластувања што ги преземаат полициските службеници во текот на извршувањето на граничната контрола треба да бидат сразмерни со целта заради која се преземаат.

Во текот на вршењето на граничната контрола полициските службеници не смеат да прават дискриминација по однос на полот, расната или етничката припадност, бојата на кожата, возраста, националната припадност, социјалното потекло, верското уверување, неспособноста или сексуалната определба, имотната и општествената положба.

## III. ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

### Преминување на државната граница

**Член 9**

Државната граница, односно надворешната граница од започнувањето на примената на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија, смее да се преминува само на граничните премини, во рамките на нивното работно време. Работното време на граничните премини кои не работат 24 часа треба да биде читливо и јасно објавено на видно место.

По исклучок од ставот 1 на овој член, државната граница и надворешната граница од започнувањето на примената на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија, смее да се преминува надвор од граничните премини и надвор од утврденото работно време на граничните премини:

- во случај на рекреативна пловидба или крајбрежен риболов,
- од страна на морнари кои излегуваат на брегот за да останат во областа на пристаништето каде што нивните бродови се вкотвени или во околните општини,
- од страна на лица или групи на лица кога постои барање од посебна природа и кога не е во спротивност со интересите на јавниот ред и националната безбедност на Република Северна Македонија, по претходно издадена дозвола согласно став 3 на овој член и
- од страна на лица и групи на лица во случај на несреќа или непредвидена итна ситуација.

Дозволата од ставот 2 алинеја 3 на овој член ја издава Министерството во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 алинејата 3 на овој член и е со рок на важење до една година.

Лицето кое ќе ја премине државната граница на начин утврден во ставот 2 алинеја 4 на овој член е должно без одлагање за тоа да ја извести полицијата.

### Внатрешни граници

### Член 10

Внатрешните граници, од почетокот на целосната примена на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија, може да се преминат на кое било место без да се спроведе проверка на лицата, независно од нивното државјанство.

Од почетокот на целосната примена на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија граничните проверки не се спроведуваат на внатрешните летови и внатрешната пловидба.

Ако е потребно заради заштита на јавниот ред и мир или заради заштита на националната безбедност, министерот за внатрешни работи може повторно да воведе контрола на внатрешните граници за ограничен временски период, но не подолго од 30 дена, или за предвиденото траење на сериозната закана и подолго од 30 дена.

Обемот и времетраењето на граничната контрола од ставот 3 на овој член не треба да го надмине периодот кој е неопходен да се одговори на сериозната закана.

## IV. ГРАНИЧНИ ПРОВЕРКИ

### 1. Вршење на гранични проверки

### Место на извршување на граничните проверки

### Член 11

Граничните проверки се вршат на подрачјето на граничниот премин.

Граничните проверки може да се вршат и надвор од подрачјето на граничниот премин во воз, воздухоплов, на пловен објект или на друго место.

По исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, во согласност со меѓународен договор, граничните проверки може да извршат и на територијата на соседна држава.

**Обврска за овозможување на извршување на гранични проверки**

**Член 12**

Лицето кое има намера да ја премине граничната линија или веќе ја преминало граничната линија, освен граничната линија на внатрешната граница по влегувањето во сила на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија, е должно да даде валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница, да овозможи да се извршат граничните проверки и не смее да го напушти подрачјето на граничниот премин додека не се извршат потребните формалности вклучувајќи ги и проверките на превозните средства и предметите што ги поседува лицето кое ја преминува границата.

Лицето од ставот 1 на овој член е должно на барање на полицискиот службеник кој врши гранични проверки да му даде известување за сите околности во врска со исполнување на условите за преминување на државната граница и да постапува по предупредувањата и наредбите на полицискиот службеник кој ги врши граничните проверки.

**Гранични проверки на лица**

**Член 13**

Полицискиот службеник при извршувањето на граничните проверки на лица е овластен:

- да побара валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница,
- да го утврди идентитетот на лицето кое има намера да ја премине државната граница,
- да провери дали се исполнети условите за влез и излез од Република Северна Македонија утврдени со закон,
- да даде упатства и наредби со цел за непречено и брзо одвивање на граничните проверки,
- доколку постојат индиции, односно основи за сомневање за сторено кривично дело или прекршок, да изврши гранични проверки на втора линија што подразбира и преглед или претрес на лицето, предметите и превозното средство што истото ги поседува,
- да ја провери валидноста на патниот документ, односно на друг документ пропишан за преминување на државната граница,
- да изврши проверка на отпечатоци од прсти и дланки и други биометриски податоци во соодветните евиденции,
- да изврши проверка во оперативните (побарани) и други евиденции и електронски бази на податоци за лица, предмети и превозни средства и
- да го задржи лицето за време неопходно потребно за извршување на граничните проверки, но не подолго од 24 часа.

## Видови гранични проверки

### Член 14

Граничните проверки се вршат како минимални и детални гранични проверки.

## Минимални гранични проверки

### Член 15

Минимални гранични проверки се спроведуваат над сите лица кои ја преминуваат државната граница со цел да се провери и утврди нивниот идентитет врз основа на дадениот патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница.

Минималните гранични проверки од ставот 1 на овој член се состојат од брза и едноставна проверка со помош на соодветни технички уреди и со проверка во соодветните евиденции и електронски бази на податоци исклучиво за да се провери дали патниот документ, односно другиот документ пропишан за преминување на државната граница е украден, злоупотребен, изгубен или е неважечки, да се провери неговата валидност, како и да се провери присуството на знаци кои укажуваат на злоупотреба, фалсификување или преправање на документот.

Минималните гранични проверки од ставот 2 на овој член се применуваат за државјаните на Република Северна Македонија, како и за лицата кои го уживаат правото на Заедницата за слободно движење.

При спроведување на минималните гранични проверки на лицата државјани на Република Северна Македонија, како и над лицата кои го уживаат правото на Заедницата за слободно движење, полицискиот службеник може врз не систематска основа да провери во соодветните евиденции и електронски бази на податоци дали тие лица претставуваат закана за националната безбедност, јавната политика, меѓународните односи или закана по јавното здравје.

## Детални гранични проверки

### Член 16

За државјаните на трети земји при влез и излез од територијата на Република Северна Македонија се спроведуваат детални гранични проверки.

Деталните гранични проверки при влез се состојат од проверка на исполнувањето на условите за влез на територијата на Република Северна Македонија, како и:

- проверка на валидноста на патниот документ, односно на друг документ пропишан за преминување на државната граница и проверка на неговата важност, како и проверка дали истиот доколку е потребно ја содржи потребната виза или дозвола за престој,
- детален преглед, односно испитување на патниот документ, односно на друг документ пропишан за преминување на државната граница заради откривање на знаци на фалсификување или преправки,
- испитување на штембилите кои се втиснати при влез и излез во патниот документ со цел да се утврди, преку споредба на датумите за влез и излез дека лицето не ја надминало максимално дозволената должина на престој на територијата на Република Северна Македонија,

- потврдување на местото на тргнување и дестинација и целта на престојот на лицето и доколку е неопходно проверка на соодветни дополнителни документи,

- потврдување дали лицето има доволно парични средства за издржување за време и за целта на неговиот престој, како и за неговото враќање во земјата од која тој потекнува или за транзит во земја во која со сигурност ќе биде примено, или дека е во можност законски да се здобие со такви средства и

- потврдување дека државјанинот на трета земја, неговото средство за транспорт или предметите кои ги пренесува не го загрозуваат јавниот ред, националната безбедност, јавното здравје или меѓународните односи на Република Северна Македонија со другите држави. Оваа постапка треба да вклучи директна проверка на податоци и предупредувања за лица и доколку е неопходно и предмети во националните бази на податоци, како и за активности што треба да се преземат како резултат на предупредувањето.

Деталните гранични проверки при излез се состојат од:

- утврдување дали државјанинот на трета земја поседува валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница,

- проверка на патниот документ, односно на друг документ пропишан за преминување на државната граница заради откривање на знаци на фалсификување или преправки и

- кога е тоа можно утврдување дека државјанинот на трета држава не се смета дека е закана за јавниот ред, националната безбедност или меѓународните односи.

Како дополнување на проверките од ставот 3 на овој член деталните гранични проверки при излез можат да содржат и:

- утврдување дали лицето поседува валидна виза за патување во друга држава, освен кога лицето поседува валидна дозвола за престој,

- утврдување дали лицето не го пречекорило времетраењето на максимално дозволениот престој на територијата на Република Северна Македонија и

- проверка во електронските бази на податоци за доставените предупредувања за лица и предмети.

На граничните премини каде што условите го дозволуваат тоа, доколку лицето го побара тоа, деталните гранични проверки се спроведуваат во посебна просторија.

Лицата врз кои треба да се спроведат детални гранични проверки на втора линија треба да бидат информирани за целта и за постапката на извршување на таа проверка, како и тоа дека може да го побара и да го добие името и презимето и регистарскиот број на полицискиот службеник кој ја врши деталната гранична проверка, називот на граничниот премин и датумот на кој е премината границата.

## Попуштање во режимот на граничните проверки

### Член 17

Граничните проверки можат да се вршат во намален обем поради исклучителни и непредвидени околности.

За исклучителни и непредвидени околности од ставот 1 на овој член се сметаат оние непредвидливи настани кои доведуваат до таков интензитет на сообраќајот, при што времето за чекање на граничниот премин станува прекумерно и покрај тоа што се искористени сите кадровски, технички и организациони потенцијали и можности.

Во случај на граничните проверки од ставот 1 на овој член, граничните проверки при влез во Република Северна Македонија имаат предност пред граничните проверки при излез од Република Северна Македонија.

За намалување на обемот на граничните проверки од ставот 1 на овој член одлучува полицискиот службеник кој раководи со граничниот премин.

Намалувањето на обемот на граничните проверки од ставот 1 на овој член е привремено, се воведува постапно и соодветствува на околностите што го оправдуваат тоа намалување.

При вршење на граничните проверки од ставот 1 на овој член полицискиот службеник втиснува штембил во патниот документ на државјаните на трети земји и при влез и при излез од Република Северна Македонија.

**Втиснување на штембил**

**Член 18**

Полицискиот службеник при извршување на гранични проверки на државјаните на трети земји, задолжително втиснува штембил во нивниот патен документ при влез и излез од територијата на Република Северна Македонија.

Полицискиот службеник не втиснува штембил при влез и излез од територијата на Република Северна Македонија на:

- патните документи на шефови на држави, големодостојници, како и членови на нивната делегација чие доаѓање е однапред официјално најавено по дипломатски пат,
- дозволите на пилотите или потврдите на членовите на нивниот екипаж и
- патните документи на морнарите кои се наоѓаат на територијата на Република Северна Македонија, само кога нивниот брод е вкотвен во пристаништето или е во областа каде што бродот привремено е вкотвен.

По исклучок од ставот 1 на овој член, на барање на државјанин на трета земја, тој може да биде ослободен од втиснување на штембил при влез и излез од територијата на Република Северна Македонија, доколку неговото втиснување може да предизвика сериозни тешкотии за лицето. Во тој случај влезот или излезот треба да се забележат на посебен лист во кој се внесуваат името и презимето на лицето и бројот на патниот документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница и листот му се дава на лицето.

**Влез на припадници на странски безбедносни органи во Република Северна Македонија**

**Член 19**

Во Република Северна Македонија може да влезат припадници на странски безбедносни органи во униформа со огнено оружје, опрема и со возило што е означено со нивни ознаки во согласност со меѓународен договор.

Случаите од ставот 1 на овој член не се однесуваат на влез, престој или преминување на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради вежбовни активности, обука и учество во мировни и хуманитарни операции согласно со Законот за одбрана.

Оружјето и другите средства за присилба можат да бидат употребени само ако тоа е потребно со цел од себе или од некој друг да одбијат директен противправен напад со кој се загрозува нивниот живот.

Припадници на странски безбедносни и воени органи кои на покана на државни институции се во службена посета како членови на делегации смеат да влезат во Република Северна Македонија и без посебно одобрение, да носат униформа и кратко огнено оружје доколку истото е составен дел на нивната униформа, по претходно писмено известување до Министерството.

Припадници на странски безбедносни органи кои непосредно го обезбедуваат претставникот на странска држава и меѓународна организација и институција за време на службената посета или законскиот престој во Република Северна Македонија можат да внесат и носат огнено оружје, муниција и опрема врз основа на писмено одобрение издадено од Министерството.

Во случај на транзитирање низ територијата на Република Северна Македонија на припадниците на странските безбедносни органи, за пренесување на оружјето, муницијата и опремата потребно е одобрението од ставот 5 на овој член.

Одобренијата од овој член се ослободени од административна такса.

## 2. Гранични проверки во патниот сообраќај

### Одредување на посебни сообраќајни ленти

### Член 20

На оние гранични премини каде што ќе се оцени дека е потребно и каде што тоа го дозволуваат условите можат да се определат посебни сообраќајни ленти наменети за државјаните на Република Северна Македонија, за државјаните на Европската унија, како и за државјани на трети земји и таквиот режим на сообраќај треба да се применува со тоа што државјаните на Република Северна Македонија можат да ја користат која било сообраќајна лента, а не само онаа којашто за нив е определена.

### Начин на вршење на гранични проверки во патниот сообраќај

### Член 21

При вршење на гранични проверки во патниот сообраќај лицата кои ја преминуваат државната граница со возило, по правило, можат да останат во возилото додека траат проверките.

По исклучок од ставот 1 на овој член, доколку околностите го бараат тоа, од лицата може да се побара да излезат од возилото и да ги покажат предметите кои ги имаат кај себе или во превозното средство и да се изврши нивен преглед, со цел за пронаоѓање на забранети предмети.

Полициските службеници се овластени да извршат претрес на превозното средство, вклучувајќи и расклопување на одредени негови делови без судска наредба, ако постојат основи на сомневање дека лицето кое го управува превозното средство превезува забранети предмети, како и ствари и документи кои би помогнале во утврдување на неговиот идентитет или идентитетот на други патници во превозното средство, како и поради спречување на незаконско преминување на државната граница.

**Право на присуство при преглед или претрес**

**Член 22**

Сопственикот на превозното средство, сопственикот на предметите, односно лицето кое ги поседува или користи, има право да присуствува при прегледот или претресот на превозното средство и на предметите.

**Постапување во согласност со друг закон**

**Член 23**

Ако полицискиот службеник при преглед или претрес на лицето, предметите или превозното средство пронајде предмети што според одредбите на Законот за кривичната постапка и Законот за прекршоците треба да се одземат, или предмети што се потребни за водење на кривичната или прекршочната постапка, постапката ќе се продолжи согласно со закон.

**3. Гранични проверки во железничкиот сообраќај**

**Гранични проверки во железнички сообраќај**

**Член 24**

Граничните проверки на возовите кои ја преминуваат државната граница се спроведуваат на патниците во возот и на персоналот во возот.

Граничните проверки од ставот 1 на овој член, се спроведуваат и на товарните возови или на празните возови.

Граничните проверки од ставовите 1 и 2 на овој член се спроведуваат на следните начини:

- на железничката станица на првата станица во Република Северна Македонија во која возот пристигнува или на последната станица во Република Северна Македонија пред заминување на возот кон територијата на соседната држава или
- во возот, за време на неговото движење во Република Северна Македонија.

Во согласност со меѓународен договор граничните проверките на возовите можат да се вршат и во движење од или кон територијата на соседната држава, или на железничката станица лоцирана на територијата на соседната држава при влегување на лицата во возот.

Полицискиот службеник може да нареди и ако е неопходно со поддршка од железничкиот персонал да изврши преглед на празниот дел од возот, со цел да се увери дека таму нема скриени лица или предмети кои се предмет на гранични проверки.

Машиновозачот во меѓународниот сообраќај не смее да го запре возот во делот од пругата меѓу граничната линија и подрачјето на граничниот премин, освен кога тоа е нужно заради регулирање на железничкиот сообраќај или во случај на виша сила.

Ако машиновозачот го запре возот што ја преминал државната граница, на отворена пруга надвор од подрачјето на граничниот премин, или по излегување од подрачјето на граничниот премин пред државната граница, е должен да преземе потребни мерки со цел за оневозможување на патниците да го напуштат возот, односно да оневозможи влез на лица во возот и за застанувањето на возот е должен да ја извести полицијата.

## 4. Гранични проверки во воздушниот сообраќај

### Обврска на аеродромскиот оператор

#### Член 25

Аеродромскиот оператор на меѓународните аеродроми е должен да преземе мерки, односно да постави соодветна инфраструктура и физички да го одвои протокот на патниците од внатрешните летови во Република Северна Македонија, како и летовите од и кон земјите членки на Европската унија со протокот на патниците од другите летови.

### Место на вршење на граничните проверки во воздушниот сообраќај

#### Член 26

Граничните проверки во воздушниот сообраќај, по правило, не се извршуваат во или на излезот од воздухопловот или на влезот, односно излезот од патничкиот терминал, освен ако не е оправдано врз основа на процена на ризикот поврзан со националната безбедност и илегалната миграција.

Со цел да се обезбеди дека на аеродромите утврдени како гранични премини проверките се вршат согласно со општите правила за гранични проверки, согласно со овој закон, аеродромскиот оператор ќе ги преземе сите потребни мерки за насочување на патниците до просториите наменети за вршење на граничните проверки.

Аеродромскиот оператор е должен да ги преземе сите потребни мерки за да се спречи лицата неовластено да влегуваат или излегуваат од безбедно ограничената зона (air side зона, транзит зона и слично).

Граничните проверки, по правило, не се вршат во транзитната зона, освен ако не е оправдано врз основа на процена на ризик поврзан со националната безбедност и илегалната миграција.

Граничните проверки во транзитната зона од ставот 4 на овој член можат да се вршат на лица кои е потребно да поседуваат аеродромска транзит виза со цел да се провери дали тие ја поседуваат транзитната виза.

### Обврска на капетанот, односно водачот на воздухоплов кој врши приватен лет

#### Член 27

Капетанот, односно водачот на воздухоплов кој врши приватен лет, кој лета од или во друга држава, пред полетувањето треба до полициската станица за гранични проверки да достави општа изјава составена од план за летање во согласност со Анексот 2 од Конвенцијата за Меѓународното цивилно воздухопловство, како и информации кои се однесуваат на идентитетот на патниците.

### Обврска на авиопревозниците за доставување податоци за патниците

#### Член 28

Авиопревозниците се должни, на барање на надлежна полициска станица за гранични проверки, заради олеснување на извршувањето на граничните проверки чија цел е поефикасна борба против илегалната имиграција, до крајот на

пријавувањето на патниците да достават информации кои се однесуваат на патниците кои ги пренесуваат до утврдениот граничен премин преку кој тие ќе влезат на територијата на Република Северна Македонија.

Информацијата од ставот 1 на овој член ги содржи следниве податоци:

- број и вид на патниот или друг валиден документ пропишан за преминување на државната граница,
- државјанство,
- име и презиме,
- датум на раѓање,
- граничен премин за влез на територијата на Република Северна Македонија,
- шифра на транспорт,
- време на поаѓање и пристигнување на транспортот,
- вкупен број на патници превезувани со тој транспорт и
- првична точка на поаѓање.

Податоците од ставот 2 на овој член се доставуваат преку електронски средства, или во случај на неуспешно пренесување на друг соодветен начин.

Податоците од ставот 2 на овој член се чуваат од страна на надлежната полициска станица за гранични проверки и откако патниците ќе влезат на територијата на Република Северна Македонија се бришат во рок од 24 часа по преносот.

По исклучок од ставот 4 на овој член податоците можат да се чуваат подолго од 24 часа, ако истите се неопходни за извршување на надлежностите на полицијата согласно со закон, во специфични случаи (на пример, кога не може да се утврди идентитетот на лицето или кога лицето нема соодветен патен документ).

Авиопревозниците се должни да ги избришат податоците од ставот 2 на овој член кои ги собрале и пренеле до надлежната полициска станица за гранични проверки во рок од 24 часа од пристигнувањето на воздухопловот.

## 5. Гранични проверки во езерскиот сообраќај

### Гранични проверки во езерскиот сообраќај

### Член 29

Граничните проверки на патниците во езерскиот сообраќај се врши на пристаништето при впловување или испловување на пловниот објект, или на место определено за гранични проверки, лоциран во непосредна близина на пловниот објект.

По исклучок од ставот 1 на овој член, граничните проверки можат да се вршат на пловниот објект за време на преминувањето на државната граница или веднаш по пристигнувањето или заминувањето на пловниот објект на територијата на соседната држава, во согласност со меѓународен договор.

### Обврска на заповедникот на пловниот објект

### Член 30

Заповедникот на пловниот објект или застапникот на сопственикот на пловниот објект, или од него овластено физичко или правно лице кое го застапува сопственикот на пловниот објект треба најдоцна пред впловување во

пристаништето, до надлежната полициска станица за гранични проверки на пристаништето, да достави список на членовите на екипажот и на сите патници на пловниот објект изготвени во два примерока.

Лицата кои се вработени да вршат должност на пловниот објект за време на патувањето, или кои работат или вршат други услуги на бродот треба да се вклучени во листата на екипажот.

По исклучок од ставот 1 на овој член, доколку поради виша сила листата не може да биде доставена до полициските службеници, примерок од списокот се доставува до полициска станица или надлежната капетанија на пристаништето, кои листата веднаш ја доставуваат до надлежната полициска станица за гранични проверки на пристаништето.

Едниот примерок од доставениот список потпишан од страна на полицискиот службеник му се враќа на заповедникот кој списокот треба да го покаже секогаш кога во пристаништето тоа ќе биде побарано од него.

Вториот примерок од списокот од ставот 4 на овој член, заповедникот на пловниот објект треба при заминувањето од територијата на Република Северна Македонија да им го врати на полициските службеници или на надлежната капетанија на пристаништето.

Заповедникот на пловниот објект или застапникот на сопственикот на пловниот објект за секоја промена на составот на екипажот или бројот на патниците треба веднаш да ги извести полициските службеници.

Заповедникот на пловниот објект или застапникот на сопственикот на пловниот објект треба веднаш да ги извести полициските службеници за присуството на скриени лица кои имаат намера да го напуштат бродот пред да замине, а доколку е тоа можно да го сторат тоа пред пловниот објект да влезе во пристаништето.

Заповедникот на пловниот објект е одговорен за лицата од ставот 7 на овој член се додека тие се на бродот.

Заповедникот на пловниот објект треба навреме да ги извести полициските службеници за заминување на пловниот објект од пристаништето согласно со правилата за пловидба.

Членовите на екипажот и патниците не смеат да го напуштат пловниот објект пред да бидат извршени граничните проверки пропишани со овој закон.

**Обврска за пријавување на лице без валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница**

**Член 31**

Заповедникот на пловниот објект е должен веднаш, а најдоцна по пристигнувањето во пристаништето на полицискиот службеник да му го пријави секое лице кое се наоѓа на пловниот објект без валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница.

Заповедникот на пловниот објект не смее да дозволи лице без валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница да се симне од пловниот објект без одобрение на полицискиот службеник.

Во случај ако лицето од ставот 2 на овој член се симне од пловниот објект без одобрение на полицискиот службеник, заповедникот на пловниот објект е должен да ги намири трошоците за неговиот престој и оддалечување од Република Северна Македонија.

### Влегување и напуштање на пловен објект надвор од граничниот премин

### Член 32

Надвор од граничниот премин, освен во случај на спасување на лица, заповедникот на пловниот објект не смее да прими лице на пловниот објект ниту да дозволи патниците да го напуштат пловниот објект.

Случајот од ставот 1 на овој член заповедникот на пловниот објект е должен веднаш да го пријави во најблиската полициска станица.

## 6. Гранични проверки на одредени категории на лица

### Категории на лица за кои важат посебни правила при извршување на граничните проверки

### Член 33

При извршувањето на граничните проверки, посебни правила важат за следниве категории лица:

1) шефови на држави и членови на нивната делегација;
2) пилоти и членови на нивниот екипаж;
3) морнари;
4) носители на дипломатски, официјални или службени пасоши и на членови на меѓународни организации;
5) прекугранични работници;
6) малолетници и
7) иматели на дозволи за локален граничен сообраќај.

## V. ГРАНИЧЕН ПРЕМИН И ПОДРАЧЈЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН

### Одредување на граничен премин

### Член 34

Граничните премини, работното време и обемот на користење и категоризацијата на граничните премини ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

### Привремен граничен премин

### Член 35

По исклучок од членот 34 на овој закон, Министерството во согласност со Министерството за финансии - Царинска управа и надлежниот орган на соседната држава, може со решение да определи привремен граничен премин, ако тоа е потребно за извршување на краткотрајни дејности, како што се:

- културни, научни, стручни, спортски и туристички приредби и активности,
- мерки за пренасочување на сообраќајот,
- спроведување на активности што произлегуваат од ратификувани меѓународни договори,
- земјоделски и стопански активности и

- други работи од јавен интерес.

Привремениот граничен премин може да се определи во траење до шест месеци во текот на една календарска година, а за случаите од ставот 1 алинеи 4 и 5 на овој член за време на траењето на тие активности, односно за времето додека постои јавен интерес.

Во решението од ставот 1 на овој член се одредува времето на работење, обемот на користење на граничниот премин, начинот на преминување на државната граница, условите потребни за преминување на државната граница и трошоците за определување на привремен граничен премин.

Трошоците за одредување и работење на привремениот граничен премин се на товар на подносителот на барањето за отворање на таков граничен премин, освен ако одредувањето на привремениот граничен премин претставува јавен интерес.

**Подрачје на граничниот премин**

**Член 36**

Подрачјето на граничниот премин го одредува директорот на Бирото за јавна безбедност во Министерството или од него овластен раководен работник, по претходно прибавено мислење од Министерството за финансии - Царинска управа и Министерството за транспорт и врски.

На заедничките гранични премини со соседна држава, подрачјето на граничниот премин се одредува во согласност со меѓународен договор.

**Означување на граничниот премин и неговото подрачје**

**Член 37**

Граничниот премин од членот 34 на овој закон и неговото подрачје се означуваат со гранични табли, ознаки и друга сигнализација.

Граничните табли, ознаките и другата сигнализација од ставот 1 на овој член, по предлог на Министерството ги поставува и одржува Министерството за транспорт и врски.

По исклучок од ставот 2 на овој член, граничните табли, ознаките и другата сигнализација на граничниот премин и неговото подрачје на аеродромите, пристаништата и во железничкиот сообраќај по предлог на Министерството ги поставува и одржува операторот.

**Услови за изградба и уредување**

**Член 38**

Објектите што ги користи Министерството на граничните премини од членот 34 на овој закон мора да бидат планирани, изградени и уредени така што ќе овозможат безбедно, непречено и економично извршување на граничните проверки согласно со стандардите и нормативите што ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Операторот е должен да обезбеди соодветни услови за работа, простор и објекти што ќе овозможат непречено извршување на граничните проверки, согласно со одредбите од овој закон.

Операторот на аеродромите на кои се врши меѓународен сообраќај е должен да создаде услови за сместување на странците кои во согласност со закон не ги исполнуваат условите за влез во Република Северна Македонија, како и на патниците кои транзитираат преку територијата на Република Северна Македонија.

Трошоците за обезбедување на условите и стандардите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член и од членот 25 на овој закон се на товар на операторот.

Меѓусебните односи меѓу операторите и надлежните државни органи во врска со користење на просториите и објектите наменети за извршување на гранични проверки се уредува со договор.

## Изградба и поставување на објекти и пренамена на дејноста на подрачјето на граничниот премин

### Член 39

Изградбата и поставувањето на објекти и пренамената на дејноста на подрачјето на граничниот премин не смеат во својата реализација да го оневозможуваат извршувањето на граничните проверки и спроведувањето на безбедносните мерки на државната граница.

Вршителот на дејност на подрачјето на граничниот премин е должен дејноста да ја извршува во соодветни простории наменети за таа цел.

Инвеститорот или сопственикот на објектот, односно вршителот на дејноста е должен пред започнување на активностите за изградба, поставување на објекти или пренамена на дејноста да прибави одобрение од Министерството.

Одобрението од ставот 3 на овој член нема да се издаде доколку со објектот или дејноста се спречува непречено извршување на граничните проверки и спроведувањето на безбедносни мерки на државната граница и истите не се во согласност со урбанистичкиот план за односниот граничен премин.

## Движење и престој на подрачјето на граничниот премин

### Член 40

Движење и престој на подрачјето на граничниот премин е дозволено само на лица кои имаат намера да ја преминат државната граница или веќе ја преминале и на граничниот премин се задржуваат поради гранични проверки, како и на други лица кои имаат оправдани причини за тоа.

Патниците и другите лица кои се наоѓаат на подрачјето на граничниот премин, се должни да ги почитуваат упатствата и наредбите на полициските службеници.

## Обврска на лицата кои извршуваат дејност на подрачјето на граничниот премин

### Член 41

Операторот и другите правни и физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат дејност, се должни на надлежната полициска станица за гранични проверки да и достават лични податоци за вработените, пред да започнат со работа на подрачјето на граничниот премин.

За вработените од ставот 1 на овој член се доставуваат следниве лични податоци: име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште и државјанство.

Личните податоци од ставот 2 на овој член се чуваат една година од денот на престанокот на работниот однос на вработениот на подрачјето на граничниот премин.

Вработените од ставот 1 на овој член, на видно место потребно е да носат беџ кој содржи податоци за името и презимето, фотографија и податоци за називот на операторот, односно правното или физичкото лице кај кое се вработени.

Операторот, другото правно или физичко лице од ставот 1 на овој член, се должни да обезбедат беџ за вработените пред нивното започнување со работа на подрачјето на граничниот премин, како и да ги поднесат трошоците за нивната изработка.

## VI. ГРАНИЧЕН НАДЗОР

### Цел на вршење на граничниот надзор

#### Член 42

Граничниот надзор се врши со цел за превенција на илегалното преминување на државната граница, спречување на прекуграничниот криминал и преземање на мерки против лицата кои илегално ја преминале границата.

### Начин на извршување на граничниот надзор

#### Член 43

Граничниот надзор се извршува на начин што овозможува превенција и обесхрабрување на лицата кои имаат намера да ги избегнат граничните проверки на граничните премини.

При извршување на граничниот надзор полициските службеници употребуваат статични или мобилни уреди наменети за таа цел.

### Методи за извршување на граничниот надзор

#### Член 44

Граничниот надзор се извршува од страна на полициски службеници чиј број и методи на постапување се приспособени на постојните или предвидени ризици и закани што вклучува и воведување на чести и ненадејни промени на периодите во кои се извршува надзорот, така што илегалното преминување на државната граница постојано ќе биде изложено на ризик да биде откриено.

### Полициски единици и средства за извршување на граничниот надзор

#### Член 45

Граничниот надзор се извршува со употреба на статични или мобилни полициски единици преку патролирање или поставување на места кои се сметаат за илегални премини, со цел за откривање и спречување на лица кои илегално ја преминуваат државната граница.

Граничниот надзор може да се извршува и со технички средства, вклучително и со електронски средства.

При вршењето на граничниот надзор, полицијата е овластена да користи службени кучиња и да поставува препреки со кои се оневозможува незаконско преминување на државната граница.

## Овозможување на граничниот надзор

### Член 46

Сопствениците, односно корисниците на земјоделско земјиште се должни да овозможат слободно поминување на полициските службеници за непречено вршење на граничниот надзор и на други службеници надлежни за поставување и одржување на техничките средства и уреди и одржување на граничните табли и ознаки.

Полициските службеници, независно од одредбите утврдени со друг закон и волјата на лицата од ставот 2 на овој член, можат да се движат преку земјиштето и за таа намена да ги користат сите видови превозни средства, во случај кога тоа е потребно за вршење на работите од ставот 1 на овој член.

# VII. ГРАНИЧНА ЛИНИЈА

## Определување и обележување на граничната линија

### Член 47

Работите во врска со определувањето и обележувањето на граничната линија се во надлежност на Министерството за надворешни работи.

## Гранични табли и друга сигнализација

### Член 48

Ако граничната линија не е доволно забележлива, во нејзина близина, на патиштата се поставуваат гранични табли, ознаки и друга сигнализација со кои се предупредува на приближувањето кон граничната линија.

Граничните табли, ознаките и другата сигнализација на предлог на Министерството ги поставува и одржува Министерството за транспорт и врски.

На граничните табли, ознаките и другата сигнализација е забрането поставување на други табли, ознаки или сигнализација со која би се намалила видливоста на граничните табли, ознаки и другата сигнализација со која се предупредува на граничната линија.

## Забрана за вршење активности долж граничната линија заради безбедносни причини

### Член 49

Владата на Република Северна Македонија може од безбедносни причини да забрани лов, риболов, прелет на воздухопловни средства и други направи за летање, движење, престој и населување во длабочина до 500 метри од граничната линија на целата или на дел од државната граница.

Забраната од ставот 1 на овој член трае додека траат безбедносните причини.

## Видливост на граничната линија и мерки за нејзино одржување

### Член 50

Ако граничната линија во согласност со ратификуван меѓународен договор треба да биде исчистена од стебла, грмушки кои ја намалуваат видливоста на граничните табли, ознаки и друга сигнализација и протегањето на граничната линија и доколку со ратификуван меѓународен договор поинаку не е пропишано, за обезбедување на прегледноста е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Заради видливост на граничната линија министерот за внатрешни работи може да забрани сеидба на определени видови земјоделски култури, садење на дрвја и други растенија долж граничната линија.

Доколку поради забраната од ставот 2 на овој член правни или физички лица претрпат штета, истите имаат право на надоместок согласно со прописите за облигациони односи.

За поединечен или групен лов во длабочина до 500 метри од граничната линија мора писмено да се извести надлежната полициска станица најдоцна 12 часа пред почетокот на ловот.

## Уредување на просторот долж граничната линија

### Член 51

Урбанистичките планови со кои се уредува просторот во длабочина до 500 метри од граничната линија и од подрачјето на граничниот премин се донесуваат со претходна согласност на Министерството.

Во случај кога со урбанистичките планови се уредува просторот на подрачјето на граничните премини согласност дава и Министерството за финансии - Царинската управа.

Министерството нема да даде согласност за донесување на урбанистичкиот план од ставот 1 на овој член, доколку со него се нарушува прегледноста на државната граница.

Министерството за финансии - Царинската управа нема да даде согласност за донесување на урбанистичкиот план од ставот 2 на овој член, доколку со него се нарушува спроведувањето на царинските надлежности согласно со закон.

## Граничен инцидент

### Член 52

Гранични инциденти, во смисла на овој закон, се активности на странски државни органи на територијата на Република Северна Македонија, што не се допуштени со прописите на Република Северна Македонија, извршени од страна на службеници на државните органи или на органите на локалната власт на соседните држави.

Работите во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти ги врши Министерството во соработка со Министерството за надворешни работи.

## VIII. РАБОТИ НА ПОЛИЦИЈАТА ВО ВНАТРЕШНОСТА

### Работи на полицијата во внатрешноста

### Член 53

Работи на полицијата во внатрешноста, во смисла на овој закон, се мерките и активностите што полициските службеници ги преземаат на целата територија на Република Северна Македонија, со цел за откривање и сузбивање на илегалната миграција, незаконско преминување на државната граница и престој во внатрешноста, како и откривање и спречување на прекуграничниот криминал.

Полициските службеници од ставот 1 на овој член вршат проверки на лица, проверки на предмети и проверки на превозни средства на прометните правци и објекти на територијата на Република Северна Македонија значајни за прекуграничен промет, доколку:

- постојат сознанија дека на тој начин можат да се пронајдат сторителите на делата од ставот 1 на овој член,
- тоа го оправдува безбедносната состојба и
- по полициски сознанија или известувања на други државни органи и надлежни безбедносни служби можат да се пронајдат извршителите на делата од ставот 1 на овој член.

## IX. СОРАБОТКА МЕЃУ ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ КОИ ИМААТ НАДЛЕЖНОСТ ВО ГРАНИЧНОТО УПРАВУВАЊЕ

### Државни органи меѓу кои се остварува соработката во областа на граничното управување и цел на соработката

### Член 54

Во извршувањето на работите на граничната контрола Министерството соработува со другите државни органи кои имаат надлежности во граничното управување во согласност со закон.

Соработката од ставот 1 на овој член се остварува меѓу Министерството и Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии - Царинската управа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и други државни органи кои имаат надлежност во граничното управување.

Државните органи од ставот 2 на овој член остваруваат соработка со цел за:

- овозможување побрз проток на лица, стоки и превозни средства на граничните премини,
- спречување и откривање на прекуграничниот криминал,
- собирање и размена на податоци и информации во врска со граничното управување и
- остварување други облици на соработка согласно со надлежностите на државните органи утврдени со закон.

## Начин на соработка меѓу државните органи на државната граница

### Член 55

На барање на еден од државните органи од членот 54 став 2 на овој закон, државните органи даваат стручна помош за поефикасно остварување на соработката во врска со граничното управување во рамките на нивните надлежности утврдени со закон.

За поефикасно остварување на соработката од членот 54 став 3 на овој закон, државните органи можат да склучат меморандуми за соработка.

## Национален координативен центар за гранично управување

### Член 56[2]

За постигнување на ефикасна координација, олеснување на размената на податоци и информации и поголема ефикасност на системот за интегрирано граничното управување се формира Национален координативен центар за гранично управување (во натамошниот текст: Националниот координативен центар).

Националниот координативен центар е составен од координатор, заменик-координатор и претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Царинската управа и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во работата на Националниот координативен центар може да учествуваат и претставници на други државни органи кои имаат надлежност во граничното управување.

Во работата на Националниот координативен центар во согласност со ратификуван меѓународен договор може да учествува и офицер за врска на странска држава, меѓународна организација и институции (агенции) на Европската унија.

Координаторот и заменикот-координатор од ставот 2 на овој член ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија за време од пет години.

За именување на координатор и заменик - координатор на Националниот координативен центар се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За координатор на Националниот координативен центар може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен соодветно високо образование;

---

[2] Одредбите од членот 56 став (7) точка 5) и ставот (8) во делот кој се однесува на условот за познавање на англиски јазик предвиден во ставот (7) точка 5) од Законот за гранична контрола, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, види: член 2 од Законот за изменување на Законот за гранична контрола(“Службен весник на РМ” бр.64/18).

4) има минимум десет години работно искуство во државен орган што има надлежност во граничното управување;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: [3]

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

За заменик - координатор на Националниот координативен центар може да биде именувано лице кое ги исполнува условите од ставот 7 точки 1, 2, 3 и 5 на овој член и кое има минимум осум години работно искуство во државен орган што има надлежност во граничното управување.

Координаторот и заменик - координаторот можат да бидат разрешени по нивно барање, кога се осудени за сторено казниво дело на казна затвор од најмалку шест месеца или заради несовесно и нестручно вршење на работата.

Претставниците од ставот 2 на овој член од редот на своите вработени ги определува функционерот кој раководи со државниот орган кој има надлежности во граничното управување.

## Работи кои ги врши Националниот координативен центар

### Член 57

Националниот координативен центар од членот 56 на овој закон ги врши следниве работи:

- ги координира активностите во врска со граничното управување меѓу државните органи што имаат надлежности во граничното управување,
- врши активности во насока на олеснување на размената на податоци и информации меѓу државните органи што имаат надлежност во граничното управување,
- остварува поголема интеграција во граничното управување меѓу државните органи што имаат надлежности во граничното управување,
- остварува координација во спроведувањето на заедничките планови и постапки за постапување во итни случаи и
- ги координира активностите во прекуграничната соработка во врска со граничното управување меѓу државните органи што имаат надлежности во граничното управување во согласност со ратификуван меѓународен договор.

Националниот координативен центар за својата работа донесува деловник.

Националниот координативен центар еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија.

## X. МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА

### Облици на меѓународна полициска соработка

**Член 58**

Меѓународна полициска соработка во вршењето на граничната контрола опфаќа активности на странските полициски служби на територијата на Република Северна Македонија, односно на полицијата на Министерството на подрачје на други држави, како и соработка со странски безбедносни органи и размена на офицери за врска.

### Соработка со странски полициски службеници

**Член 59**

Во Република Северна Македонија смеат да влезат овластени полициски службеници на други држави и да извршуваат со ратификуван меѓународен договор предвидени работи за гранична контрола и други работи за меѓународна полициска соработка.

Полициските службеници на Министерството, во согласност со ратификуван меѓународен договор во други држави, ги извршуваат работите од ставот 1 на овој член.

Странските полициски службеници можат на територијата на Република Северна Македонија, да користат техничка опрема и возила со свои ознаки да носат униформа, оружје и други средства за присилба, под услови и на начин утврдени со меѓународен договор.

### Соработка со странски безбедносни органи

**Член 60**

Министерството во согласност со ратификуван меѓународен договор соработува со странски безбедносни органи во вршењето на граничната контрола.

### Офицер за врска

**Член 61**

Министерството во согласност со ратификуван меѓународен договор може да упати во странство офицери за врска, заради извршување на работи на меѓународна полициска соработка, при што им утврдува конкретни задачи и овластувања.

## XI. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ЕВИДЕНЦИИ

### Собирање, обработка и користење на личните податоци

**Член 62**

При извршувањето на граничната контрола и други работи утврдени со овој закон полицијата е овластена од лицата кон кои ги применува полициските овластувања, непосредно да собира лични податоци што се обработуваат во

евиденции, со примена на технички уреди во согласност со овој закон, како и да користи лични и други податоци од евиденциите што се формираат и водат врз основа на други закони.

Полицијата е должна собирањето, обработката и користењето на личните податоци од ставот 1 на овој член да ги врши согласно со прописите за заштита на личните податоци.

## Технички уреди за собирање на податоци

### Член 63

Полицијата е овластена при извршувањето на граничната контрола со цел за потрага, утврдување на идентитет и пронаоѓање на извршителите на кривични дела и прекршоци да врши фотографирање, снимање и видеонадзор, како и да применува други технички уреди.

Техничките уреди од ставот 1 на овој член, кога се поставени на подрачјето на граничниот премин, мора да бидат видливи и лицата кои се наоѓаат на вакво подрачје мора да бидат предупредени за постоењето на такви уреди.

Доколку со примената на техничките уреди од ставовите 1 и 2 на овој член се снимаат лични податоци, потребно е тие снимки да се уништат во рок од шест месеци од денот на снимањето, освен ако не се потребни за гонење на сторителите на кривични дела или прекршоци, согласно со закон.

## Евиденции

### Член 64

Полицијата е овластена за потребите на граничната контрола и другите работи согласно со овој закон да води:

1) евиденција на лица над кои се извршени детални гранични проверки;

2) евиденција на лица на кои им е издадено одобрение за преминување на државната граница надвор од граничните премини и надвор од утврденото работно време на граничните премини;

3) евиденција на издадени одобренија за внесување и носење на оружје, муниција и опрема во Република Северна Македонија од страна на припадници на странски безбедносни органи;

4) евиденција на извршени гранични инциденти;

5) евиденција на лица кои најавиле лов долж граничната линија и

6) евиденција за личните податоци на вработените кај оператор и други правни или физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат дејност.

## Лични податоци во евиденциите

### Член 65

Во евиденциите од членот 64 точка 1 на овој закон се собираат, обработуваат и чуваат следниве лични податоци: име и презиме, датум на раѓање, податоци за патниот документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница со која лицето ја преминало државната граница, фотографија од лицето кое ја преминало државната граница, престојувалиште, државјанство, место, време и правец (влез, односно излез) на преминување.

Во евиденцијата од членот 64 точка 2 на овој закон се собираат, обработуваат и чуваат следниве лични податоци: име и презиме, датум и место на раѓање, престојувалиште, државјанство, вид и број на документот врз основа на кој е издадено одобрението, причина за издавање на одобрението, местото на преминување на државната граница и рок на важење на одобрението.

Во евиденциите од членот 64 точка 3 на овој закон се собираат, обработуваат и чуваат следниве лични податоци: име и презиме, датум и место на раѓање, престојувалиште, државјанство, вид и број на патен и друг валиден документ пропишан за преминување на државната граница и вид на оружје, опрема и број на муниција.

Во евиденциите од членот 64 точка 4 на овој закон се собираат, обработуваат и чуваат следниве лични податоци: име и презиме, датум и место на раѓање, престојувалиште, државјанство, време, место и начин на извршување на граничниот инцидент, вид, број и рок на важење на исправите врз основа на кои е утврден идентитетот.

Во евиденциите од членот 64 точка 5 на овој закон се собираат, обработуваат и чуваат следниве лични податоци: име и презиме, датум и место на раѓање, живеалиште или престојувалиште, државјанство, назив на ловечкото друштво чие подрачје се наоѓа долж граничната линија каде што се најавува ловот, место и време на траење на ловот, вид, број и рок на важење на исправите врз основа на кои е утврден идентитетот.

Во евиденциите од членот 64 точка 6 на овој закон се собираат, обработуваат и чуваат следниве лични податоци: име и презиме, датум и место на раѓање, живеалиште или престојувалиште, државјанство, датум на започнување и престанок со работа на подрачјето на граничниот премин, назив на операторот и друго правно или физичко лице кај кое лицето е вработено.

Личните податоци од евиденцијата од ставот 1 на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето на евиденцијата.

Личните податоци од евиденцијата од ставот 2 на овој член се чуваат две години по поминувањето на времето за кое одобрението е издадено.

Личните податоци од евиденцијата од ставот 3 на овој член се чуваат три години од денот на остварениот влез на територијата на Република Северна Македонија.

Личните податоци од евиденцијата од ставот 4 на овој член се чуваат пет години од денот на сторувањето на граничниот инцидент.

Личните податоци од евиденцијата од ставот 5 на овој член се чуваат две години од денот на најавување на ловот долж граничната линија.

Личните податоците од евиденцијата од ставот 6 на овој член се чуваат две години од денот на престанокот на работниот однос на подрачјето на граничниот премин.

## Надзор над обработката на личните податоци

### Член 66

Дирекцијата за заштита на личните податоци врши надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита утврдена со овој закон.

Дирекцијата за заштита на личните податоци врши надзор на содржината на националниот дел од Шенгенскиот информациски систем и проверува дали при обработката и размената на личните податоци содржани во овој систем дошло до повреда на правото на физичкото лице чии податоци се содржани во овој систем.

Во вршењето на надзорот од ставот 2 на овој член Дирекцијата има право на пристап до податоците содржани во националниот дел од Шенгенскиот информациски систем.

## XII. ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

### Член 67

Се овластува министерот за внатрешни работи да донесе подзаконски прописи за:

1) начинот на извршување на гранични проверки и граничен надзор;

2) начинот на преминување на внатрешната граница;

3) формата и содржината на штембилот за влез и излез во Република Северна Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба и

4) начинот на поставување и користење на техничките уреди и вршење на фотографирање, снимање и видеонадзор на граничните премини и долж граничната линија.

Се овластува министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за транспорт и врски да донесе подзаконски пропис за обликот, содржината и начинот за поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација.

Се овластува министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за надворешни работи да донесе подзаконски пропис за начинот на утврдување и решавање на граничните инциденти.

Министерот за внатрешни работи во согласност со директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци го пропишува начинот на проверка на отпечатоци од прсти и дланки и други биометриски податоци при извршување на контрола на лица од страна на полицискиот службеник.

## XIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 68

Глоба во износ од 30 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице:

1) кое ќе ја премине или ќе се обиде да ја премине државната граница надвор од граничниот премин и надвор од работното време на граничниот премин (член 9 став 1);

2) кое ќе ја премине или ќе се обиде да ја премине државната граница спротивно на одредбата за преминување на внатрешната граница (член 10 став 3);

3) кое при граничната контрола не даде на увид валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница, не овозможи да се извршат граничните проверки и го напушти подрачјето на граничниот премин пред да се извршат потребните формалности вклучувајќи ги и проверките на превозното средство и предметите што ги поседува (член 12 став 1);

4) капетанот на приватен воздухоплов, односно воздухоплов кој се користи за превоз за сопствени потреби кој лета од или во друга држава, а пред полетувањето до полициската станица за гранични проверки не достави општа изјава составена

од план за летање во согласност со Анексот 2 од Конвенцијата за Меѓународното цивилно воздухопловство, како и информации кои се однесуваат на идентитетот на патниците (член 27) и

5) кое лови, риболови, прелетува со воздухопловни средства и други направи за летање, се движи, престојува и се населува долж граничната линија на целата или на дел од државната граница, ако тоа е забрането (член 49 став 1).

## Член 69

Глоба во износ од 25 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице:

1) кое ќе постапи спротивно на членот 9 став 4 од овој закон;

2) кое нема да даде известување за сите околности во врска со исполнување на условите за преминување на државната граница, не постапува по предупредувањата и наредбите на полицискиот службеник кој ги врши граничните проверки (член 12 став 2);

3) машиновозачот во меѓународен сообраќај кој ќе го запре возот во делот од пругата меѓу граничната линија и подрачјето на граничниот премин, освен кога тоа е нужно заради регулирање на железничкиот сообраќај или во случај на виша сила (член 24 став 6);

4) машиновозачот нема да го запре возот што ја преминал државната граница, на отворена пруга надвор од подрачјето на граничниот премин, или по излегување од подрачјето на граничниот премин пред државната граница и нема да ги преземе потребните мерки со цел за оневозможување на патниците да го напуштат возот, односно оневозможување влез на лица во возот и за застанувањето на возот не ја извести полицијата (член 24 став 7);

5) заповедникот на пловниот објект или застапникот на сопственикот на пловниот објект, или од него овластено физичко или правно лице кое го застапува сопственикот на пловниот објект најдоцна пред впловување во пристаништето, до надлежната полициска станица за гранични проверки на пристаништето, не достави список на членовите на екипажот и на сите патници на пловниот објект изготвени во два примерока (член 30 став 1);

6) членовите на екипажот и патниците на пловниот објект кои ќе го напуштат пловниот објект пред извршените гранични проверки пропишани со овој закон (член 30 став 10);

7) заповедникот на пловниот објект кој по пристигнувањето во пристаништето нема да ги исполни обврските од членот 31 ставови 1 и 2 на овој закон;

8) заповедникот на пловниот објект кој нема да ги намири трошоците за престој и оддалечување од Република Северна Македонија на лицето кое без одобрение на полицискиот службеник го напуштил пловниот објект (член 31 став 3);

9) заповедникот на пловниот објект во меѓународна пловидба кој надвор од граничниот премин, освен во случај на спасување на лица, прими лице на пловниот објект, односно дозволи патниците да го напуштат пловниот објект (член 32 став 1);

10) заповедникот на пловниот објект во меѓународниот промет кој надвор од граничниот премин, освен во случај на спасување на лица, прими лице на пловниот објект, односно дозволи патниците да го напуштат пловниот објект, а тоа веднаш не го пријави до најблиската полициска станица (член 32 став 2);

11) кое дејноста на подрачјето на граничниот премин не ја извршува во соодветни простории наменети за таа цел (член 39 став 2);

12) кое не прибавило одобрение од Министерството пред започнувањето на активностите за изградба, поставување на објекти или пренамена на дејноста на подрачјето на граничниот премин (член 39 став 3);

13) кое се движи или престојува на подрачјето на граничниот премин без намера да ја премине државната граница или веќе ја преминало и на граничниот премин не се задржи поради гранични проверки или нема оправдани причини за тоа (член 40 став 1);

14) кое на подрачјето на граничниот премин не ги почитува упатствата и наредбите на полициските службеници (член 40 став 2);

15) кое на надлежната полициска станица за гранични проверки нема да и достави лични податоци за вработените, пред вработените да започнат со работа на подрачјето на граничниот премин (член 41 став 1);

16) вработените кај операторот и другите правни и физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат дејност, на видно место не носат беџ кој содржи податоци за името и презимето, фотографија и податоци за називот на операторот, односно правното или физичкото лице кај кое се вработени (член 41 став 4);

17) кое на подрачјето на граничниот премин извршува дејност, а не обезбеди беџ за вработените пред нивното започнување со работа на подрачјето на граничниот премин и не ги поднесе трошоците за нивната изработка (член 41 став 5);

18) кое нема да овозможи слободно поминување на полициските службеници за непречено вршење на граничниот надзор и на други службеници надлежни за поставување и одржување на техничките средства и уреди и одржување на граничните табли и ознаки (член 46 став 1);

19) кое на граничните табли, ознаките и на другата сигнализација поставува други табли, ознаки или друга сигнализација со која би се намалила видливоста на граничните табли, ознаките и на другата сигнализација со која се предупредува на граничната линија (член 48 став 3);

20) кое сее определени видови земјоделски култури или сади дрвја и други растенија долж граничната линија кога тоа е забрането (член 50 став 2) и

21) кое без писмено известување до надлежната полициска станица за граничен надзор најдоцна 12 часа пред почетокот на ловот поединечно или во група лови во длабочина до 500 метри од граничната линија (член 50 став 4).

**Член 70**

Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правното лице:

1) чиј машиновозач во меѓународен сообраќај ќе го запре возот во делот од пругата меѓу граничната линија и подрачјето на граничниот премин, освен кога тоа е нужно заради регулирање на железничкиот сообраќај или во случај на виша сила (член 24 став 6);

2) чиј машиновозач нема да го запре возот што ја преминал државната граница, на отворена пруга надвор од подрачјето на граничниот премин, или по излегување од подрачјето на граничниот премин пред државната граница и нема да ги преземе потребните мерки со цел за оневозможување на патниците да го напуштат возот, односно оневозможување влез на лица во возот и за застанувањето на возот не ја извести полицијата (член 24 став 7);

3) чиј заповедник на пловниот објект нема да ги исполни обврските по пристигнувањето во пристаништето (член 31);

4) чиј заповедник на пловниот објект, освен во случај на спасување на лица, прими лице на пловниот објект или дозволи патниците да го напуштат пловниот објект (член 32 став 1);

5) чиј заповедник на пловниот објект, во случај на спасување на лица, прими лице на пловниот објект или дозволи патниците да го напуштат пловниот објект, а тоа веднаш не го пријави во најблиската полициска станица (член 32 став 2);

6) кое не постапува согласно со членот 38 ставови 2 и 3 од овој закон;

7) кое при изградбата и поставувањето на објекти, како и при пренамената на дејноста на подрачјето на граничниот премин го оневозможува извршувањето на граничните проверки и спроведувањето на безбедносните мерки на државната граница, без одобрение на Министерството, започне градење, поставување на објект и пренамена на дејност на подрачјето на граничниот премин (член 39 ставови 1 и 3);

8) кое дејноста на подрачјето на граничниот премин не ја извршува во соодветни простории наменети за таа цел (член 39 став 2);

9) кое на надлежната полициска станица за гранични проверки нема да и достави лични податоци за вработените, пред вработените да започнат со работа на подрачјето на граничниот премин (член 41 став 1);

10) кое на подрачјето на граничниот премин извршува дејност, а не обезбеди беџ за вработените пред нивното започнување со работа на подрачјето на граничниот премин и не ги поднесе трошоците за нивната изработка (член 41 став 5);

11) кое нема да овозможи нужен премин на полициските службеници за непречено вршење на граничниот надзор и на други службеници надлежни за поставување и одржување на техничките средства и уреди и одржување на граничните табли и ознаки (член 46 став 1);

12) чиј работник лови, риболови, прелетува со воздухопловни средства и други направи за летање, се движи, престојува и се населува долж граничната линија на целата или на дел од државната граница, ако тоа е забрането (член 49 став 1);

13) кое сее определени видови земјоделски култури или сади дрвја и други растенија долж граничната линија кога тоа е забрането (член 50 став 2) и

14) кое без писмено известување до надлежната полициска станица за граничен надзор најдоцна 12 часа пред почетокот на ловот поединечно или во група лови во длабочина до 500 метри од граничната линија (член 50 став 4).

Глоба во износ од 50 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

**Член 71**

Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое:

1) по своја вина на барање на надлежна полициска станица за гранични проверки до крајот на пријавувањето на патниците не достави информации кои се однесуваат на патниците кои ги пренесува до утврдениот граничен премин преку кој тие ќе влезат на територијата на Република Северна Македонија, или достави некомплетни или лажни податоци (член 28).

Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 25 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

**Член 71-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

**Член 72**

За прекршоците предвидени со одредбите од членот 69 на овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.

**Членот 72-а е избришан,** види: Закон за изменување на Законот за гранична контола, ("Службен весник на РСМ" бр.171/22).

**Член 72-б**

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од членот 72 став 1 од овој закон, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**Член 72-в**

По исклучок од членот 72 став 1 од овој закон, кога сторител на прекршоците е странец, прекршочната постапка ја води надлежен суд.

**Член 72-г**

За прекршоците предвидени со одредбите од членовите 68, 70 и 71 од овој закон прекршочната постапка ја води надлежен суд.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 73

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе продолжат да се применуваат подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за надзор на државната граница („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/2006, 66/2007 и 52/2009), доколку не се во спротивност со одредбите на овој закон.

### Член 74

Одредбите од членовите 10, 66 ставови 2 и 3 и 68 став 1 точка 2 на овој закон ќе се применуваат по влегувањето во сила на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор во Република Северна Македонија.

### Член 75

Одредбите од членовите 3 точки 3, 4, 5, 6, 9, 10, 11, 14, 15, 16, 19, 21 и 22, 4, 6, 8, 9, 10, 13, 15, 16, 17, 18, 20, 21 ставови 1 и 2, 24 ставови 1, 2, 3, 4 и 5, 25, 26, 27, 29, 30, 33, 42, 43, 44 и 45 на овој закон ќе важат до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија.

### Член 76

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за надзор на државната граница ("Службен весник на Република Македонија" број 71/2006, 66/2007 и 52/2009).

### Член 77

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола ("Службен весник на РМ" бр.41/14)*

### Член 2

Координаторот и заменик - координаторот на Националниот координативен центар именувани до денот на отпочнувањето на примената на членот 1 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

### Член 3

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### ***ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола ("Службен весник на РМ" бр.148/15)***

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### ***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола ("Службен весник на РМ" бр.55/16)***

**Член 2**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

### ***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување на Законот за гранична контрола ("Службен весник на РМ" бр.64/18)***

**Член 3**

Координаторот и заменик - координаторот на Националниот координативен центар именувани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивното именување.

На координаторот и заменик-координаторот на Националниот координативен центар кои нема да го исполнат условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член им престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### ***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување на Законот за гранична контрола ("Службен весник на РСМ" бр.171/22)***

**Член 7**

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".